**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр.12-178/2

Скопје 11-01- 2018г.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, бр.13/14, бр.44/2014, бр.101/14, и бр.132/14), член 26 ставови 2 и 3 и член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш арх. бр. 12-178/1 од 09.01.2018 година, од подносителот на барањето Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП од Скопје, преку застапникот/полномошник адвокат Скопје, донесе:

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ПРЕКИНУВА** постапката по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх. бр. 12-178/1 од 09.01.2018 година, од подносителот на барањето Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП од Скопје, Скопје, преку застапникот/полномошник адвокат Скопје, поради тоа што се однесува на информација со која имателот не располага.

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, од подносителот на барањето Здружение за заштита на авторски музички права ЗАМП од Скопје, преку застапникот/полномошник адвокат доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш арх. бр. 12-178/1 од 09.01.2018 година, со цел Агенцијата како имател, до подносителот на Барањето да ја достави следната информација од јавен карактер, и тоа:

"Дали Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДОО, ЕМБС во периодот од 01.01.2015 година заклучно со 31.12.2016 година, вршел емитување (непрекинато) на музички несценски дела, по пат на телевизија".

Постапувајќи по напред наведеното барање за пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата утврди дека не располага со бараната информација од јавен карактер. Имено, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за чување и бришење снимки на радио и телевизиски програмски сервиси бр.01-5986/1 од 04.12.2014 година ("Службен весник на Република Македонија", бр.180/14), е должна во системот за прием, снимање и архивирање на програмските сервиси на радиодифузерите да чува снимки на радио и телевизиски програмски


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

сервиси на државно, регионално и локално ниво, во следните рокови: 120 дена од денот на снимањето на содржини кои се емитувани на државно ниво и 90 дена од денот на снимањето на содржини кои се емитувани на локално и регионално ниво.

Од наведеното произлегува дека Агенцијата не располага со бараната информација од јавен карактер - Дали Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДОО, во периодот од 01.01.2015 година заклучно до 31.12.2016 година, вршел емитување (непрекинато) на музички несценски дела, по пат на телевизија".

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, бр.13/14, бр.44/2014, бр.101/14 и бр.132/14), член 26 ставови 2 и 3 и член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14,148/15, бр.55/16), се донесе заклучок како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против овој заклучок барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- подносителот на барањето адвокат Панче Ефимов од Скопје, ул.„Маршал Тито" бр.56/1 Скопје,
- Службено лице при остварување на правото на слободен пристап до информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.